Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
QEVERIA E REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
Скопје-Shkup

| Примено: E pranuar: | 02 - - 2021 | |
|---|---|---|
| Орг. Един. | | Вредност: Vlerë: |
| 19-22/1 | / | / |

Зрупа 11-23/1 - 7

# Влада на Република Северна Македонија

- ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАРИЈАТ -

**Здружение за афирмација на уметност ФЛУКТУС - Скопје**

(Име на здружението/ фондацијата)

# ЗАВРШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОЕКТОТ

**Самоглас – мобилна апликација**

(Име на проектот)

Скопје, 28. 01. 2021 година

(Место) (датум)

## 1. Општи информации за проектот и корисникот

| | |
|---|---|
| Број на Договор за обезбедување финансиска поддршка | 25-28/1 |
| Име на здружението/фондацијата корисник | Здружение за афирмација на уметност ФЛУКТУС Скопје |
| Наслов на проектот | Самоглас – мобилна апликација |
| Период на спроведување на проектот | од 19.06.2020 година до 31.12.2020 година |
| Лице овластено за застапување на корисникот | Христијан Поп-Симонов |
| Проектен менаџер | Ангела Стојановска |
| Телефон и е-пошта за контакт | 078 215 146, contact@fluctus.mk |
| Цел на проектот | Афирмација на мултимедијалната уметност и поттикнување на активно и критичко учество на младите во културата како публика, но и како директни автори на содржини чија крајна цел е едукативен и креативен раст и развој на заедницата. |
| Целна група | Наша целна група се младите (14 - 25 години), слепите и лицата со оштетен вид како и лицата со дислексија |
| Целно подрачје и локација каде се спроведувал проектот | Град Скопје, но со оглед на тоа што станува збор за мобилна апликација, национално ниво. |
| Вкупна вредност на проектот (според договорот за обезбедување финансиска поддршка) | 809.365 ден. |
| Вкупно потрошени средства до денот на завршување на проектот | 809.365 ден. |

## 2. Резиме - Краток преглед на спроведените активности и оценка на постигнатите резултати на проектот. (Резимето треба да одговара на содржината на проектот и да не е подолго од 200 зборови или 1-2 страници)

Целиот проект започна со низа состаноци за координирање во однос на креирање на мобилната апликација и имплементирање на потребните дополнителни функционалности. Продолжи со интерни онлајн средби за дефинирање на тимот кој ќе работи на целиот проект.
Откако се распределија задачите и временските рокови за кои истите требаа да бидат завршени, продолживме со пронаоѓање на комисијата која би ги избрала четирите дела. Периодот на распишување на конкурсот се совпадна со периодот на дефинирање на комисијата. На наше огромно изненадување на конкурсот се пријавија 90тина македонски автори со вкупна бројка од над 100 дела. Комисијата ги одбра четирите дела, според интерно дефинирани критериуми:

1. „Двоумење“ - Ива Дамјановски
2. „Кога заминав од „КАРЛ ЛИБКНЕХТ““ - Лидија Димковска
3. „3 минути и 53 секунди“ - Бранко Прља
4. „Модри фантазии“ - Снежана Стојчевска

Откако сите автори добија известување за одлуката, продолживме со онлајн средби помеѓу авторите, нараторите и проектниот менаџер. За време на тие средби го објаснивме целиот процес на креирање на една аудио книга. По комуникација која се состоеше во испраќање на неколку пробни снимки од нараторите, кон нас и авторите, ги дефиниравме стиловите на обработка на книгите. Откако актерите-

наратори завршија со процесот на снимање, се продолжи со процес на монтажа и пост-продукција. По добивање на финалните снимки истите беа доставени до авторите, за да се изврши финална проверка пред објавување. Во месец декември, секоја среда започнавме со објавување на книгите, кон средината на месецот ја објавивме и мобилната апликација на Самоглас.

**3. Спроведени активности и резултати од проектот**
**Наведете ги активностите (како што се предвидени во проектот), опишете ги преземените активности со периодот на спроведување и постигнатите резултати**

| Активност (како што е предвидено со проектот) | Опис на спроведената активност | Период на спроведување | Постигнати резултати |
|---|---|---|---|
| Активност 1:<br>1.1 Изработка на мобилна апликација „Самоглас“ од страна на софтверскиот инженер. | Спроведувањето на активноста, започна со процес на онлајн состаноци, а софтверскиот инженер работеше на креирање на апликацијата до ноември. По тестирање, истата беше пуштена на одобрување до App Store и Play Store и се пушти во употреба во декември. | јули, август, септември и октомври | Дефинирање на корисничкиот изглед и имплементирање на нови функционалности, пуштање во употреба на мобилната апликација. |
| Активност 2:<br>2.1 Распишување на Конкурс за автори кои имаат напишано дела на македонски јазик, без оглед на тоа дали истите се досега издадени или не. Повикот ќе биде отворен 14 дена, за сите писатели, без оглед на нивното искуство или возраст. | На социјалните мрежи на Самоглас, се објави настан со сите детали и упатства за пријавување. Истиот беше спонзориран. | 20.07-07.08 2020 | Во рамки на предвидениот временски рок, исполнувајќи ги сите потребни услови, добивме дела од 90 македонски автори. |
| Активност 3:<br>3.1 Селекција на четири дела кои ќе се обработат во аудио формат и ќе бидат поставени на Самоглас, со цел промоција на самите автори, а и на мобилната апликација – Селекцијата ќе биде направена од трочлена комисија (тројца надворешни соработници). | Формирање на трочлена комисија која ќе ги селектира четирите дела кои ќе се поставаат во декември. Дефинирање на критериумите за избор на четирите дела. | Август | Дефинирање на составот на комисијата: Соња Стојменска-Елзесер (Претседателка на Друштвото на автори на РСМ), Владимир Мартиновски (автор, професор), Жарко Кујунџиски (автор, издавач) |
| Активност 3:<br>3.2 Откако ќе се заврши селекцијата на делата ќе биде распишан Конкурс за графички дизајнери, кои ќе треба да го подготват дизајнот на корицата кој ќе биде користен за промоција на делата. Повикот ќе биде отворен 14 дена, за сите дизајнери, без оглед на нивното искуство, возраст | Селекцијата на четирите дела беше направена. Од страна на Комисијата беше доставена и листа на дополнителни дела, кои ќе бидат обработени од страна на Флуктус, во 2021 година. Избраните четири дела, со оглед на тоа што се претходно издадени, имаат графички решенија за кориците. Со оглед на тоа што сметаме дека е соодветно да ги задржиме оригиналните корици, Конкурсот за графички дизајнери не е распишан. | Септември | Селектирани се:<br>1. „Двоумење“ - Ива Дамјановски<br>2. „Кога заминав од „КАРЛ ЛИБКНЕХТ““ - Лидија Димковска<br>3. „3 минути и 53 секунди“ - Бранко Прља<br>4. „Модри фантазии“ - Снежана Стојчевска |

| | | | |
|---|---|---|---|
| или користен медиум на изразување. | | | |
| Активност 4:<br>4.1 Подготовка - По избор на четири дела, четворица актери ќе започнат со процес на проби со цел подготовка на аудио форматот | Направена е селекција на четворица актери, истите веќе имаат започнато со процес на проби со цел подготовка на аудио форматот. | Септември | Селекција на четворица актери, кои имаат професионална опрема и услови сами да ја снимат книгата: Васко Костовски, Ирена Мирческа, Лазар Христов и Мартин Манев. |
| 4.2 Снимање - секој актер сам ќе го снима делото на кое работи, со цел намалување на изложеноста на ризик. | По испраќање на пробни снимки од нараторите до авторите и по одобрување на пробните снимки се почна со снимање на делата. Секој наратор беше задолжен за сопственото снимање. | Октомври и ноември | Четири снимени аудио книги. |
| 4.3 Пост-продукција – По снимање на четирите книги, материјалот по електронски пат ќе биде доставен до монтажерот и започнуваме со монтирање и обработка на аудио материјалите. | Како што се снимаа материјалите, се праќаа на монтажерот. По монтирање финалните снимки се доставуваа на финална проверка кај авторите. Доколку немаше корекции, врз истите беше извршен процесот на пост-продуција. | Ноември и декември | Четири измонтирани аудио книги. |
| 4.4. По завршување на обработка на делата, за истите се нарачуваат CIP броеви од НУБ | Откако делата се завршија се нарачаа CIP броеви од НУБ. | декември | Четири евидентиран дела во Виртуелната библиотека. |
| Активност 5<br>Промоција - ќе се одвива во два дела: подготовка и реализација.<br>5.1 За време на подготовката ќе биде изреализирана фотосесија со авторите, за време на која ќе се креираат фотографии потребни за промоција на социјалните мрежи. | Се договорија термини за фотографирање на авторите и нараторите. Фотографирањето се одржа на отворен простор, почитувајќи ги мерките за дистанцирање. | Ноември | Фотографии потребни за промотивна кампања. |
| 5.2 Надворешен соработник, кој ќе биде графички дизајнер одговорен за визуелниот идентитет ќе ги креира сите потребни графички материјали за промоција на делата на социјалните мрежи. | Соработникот понуди неколку решенија за промоција на аудио книгите. Откако го избравме соодветното, се пристапи кон креирање на сите графички материјали. | декември | Фотографии и останати графички материјали потребни за промотивна кампања. |
| 5.3 Секоја недела од декември ќе се објавува и промовира по една книга. Воедно, преку промоција на самите дела и автори ќе се изврши и пормоција на | Секоја среда од декември се објавуваше по една аудио книга, при објавувањето се промовираа самите автори и нараторите на конкретните книги. Откако се објави и мобилната апликација, се пушти соопштение до | декември | Зголемување на библиотеката на Самоглас со 4 нови книги и и 3 нови гласа и креирање на мобилна апликација поставена |

| | | | |
|---|---|---|---|
| новокреираната мобилна апликација. | медиуми. | | на AppStore и PlayStore. |

**4. Проблеми во спроведување на проектот** (Наведете доколку имало проблеми во спроведувањето на активностите на проектот, вклучително и доцнење и како тоа влијаело на постигнување на резултатите и целите на проектот)

Не се соочивме со никакви проблеми во спроведување на проектот. Се соочивме со непредвидена околност,во однос на: „Активност 3: 3.2 Откако ќе се заврши селекцијата на делата ќе биде распишан Конкурс за графички дизајнери, кои ќе треба да го подготват дизајнот на корицата кој ќе биде користен за промоција на делата. Повикот ќе биде отворен 14 дена, за сите дизајнери, без оглед на нивното искуство, возраст или користен медиум на изразување. – Селекцијата ќе биде направена од трочлена комисија (двајца членови на Флуктус и надворешен соработник).“
Не предвидовме дека избраните дела, во голем дел од случаите би можеле да имаат веќе изготвени решенија за графички дизајни на корицата. Случајот со избраните четири дела беше токму тој, сметавме дека е соодветно да ги задржиме оригиналите и не распишуваме конкурс за креирање на нови.

**5. Видливост и јавност** (Одржани конференции, јавни настани, подготвени публикации, објави во медиуми за проектот и сл.)

| Активност | Индикатори | | |
|---|---|---|---|
| | Број на учесници | Број на примероци | Објави во медиуми |
| Активност 2:<br>2.1 Распишување на Конкурс за автори кои имаат напишано дела на македонски јазик, без оглед на тоа дали истите се досега издадени или не. | 90 | 95 | https://www.skopjelab.mk/nastan/konkurs-slushni-ja-svojata-kniga/<br>https://www.radiomof.mk/samoglas-otvori-konkurs-za-audio-adaptacija-na-chetiri-umetnichki-rakopisi/<br>https://portret.digital/samoglas-prva-platforma-za-audio-knigi-na-makedonski-jazik/ |
| Активност 5:<br>5.3 Секоја недела од декември ќе се објавува и промовира по една книга. Воедно, преку промоција на самите дела и автори ќе се изврши и пормоција на новокреираната мобилна апликација. | 8 | 4 | https://portret.digital/platformata-za-audio-knigi-samoglas-dostapna-i-kako-mobilna-aplikaczija/<br>https://www.radiomof.mk/platformata-za-audio-knigi-samoglas-dostapna-i-kako-mobilna-aplikacija/<br>https://arno.mk/2020/12/16/platformata-za-audio-knigi-samoglas-dostapna-i-kako-mobilna-aplikacija/ |

**6. Заклучоци за постигнување на целите, идни активности и одржливост на проектот**

Овој Конкурс ни овозможи да селектираме многу повеќе книги од предвидените четири за 2020. Во 2021 ќе обработиме уште тринаесет книги од пријавените автори на конкурсот „Слушни ја својата книга“. Со овој проект, ја зголемивме аудио библиотеката со четири нови дела од реномирани македонски автори, достигнувајќи бројка од 54 дела на Самоглас до крајот на 2020. Во месец јануари 2021 стигнавме до бројка од 8000 корисници на платформата. Од објавување на мобилната апликација (12.12.2020) бројот на нашите корисници се зголеми за над 1.600. До месец јануари 2021, бројот на корисници кои ја симнале мобилната апликација е 767.

Сите поставени дела на платформата ќе останат на истата минимум следниве две години и ќе бидат достапни до сите корисници на веб и мобилната апликација на Самоглас. Во 2021 ќе се фокусираме на македонски автори и лектири за основно и средно образование, со тоа континуирано ќе ги актуелизираме веќе објавените македонски автори и постоењето на мобилната апликација и сигурни сме дека бројот на корисници ќе продолжи да расте.

## 7. Резиме на Финансискиот извештај

| Структура на трошоци | Доделени средства (според Договорот) | Реализирани трошоци | Забелешка |
|---|---|---|---|
| **I. Човечки ресурси** | 763,910 | 775,277 | Реализираните средства се разликуваат од доделените според договор, поради различните пресметки на персонален данок кои сме ги направиле при аплицирање и при уплаќање на нето износите. |
| **II. Оперативни трошоци** | 21,000 | 13,331 | Откако спонзорираните објави ги достигнаа предвидените бројки, решивме дека дел од средствата ќе ги пренамениме за промотивни материјали. |
| **III. Директни трошоци** | 24,455 | 20,757 | Нерелизирањето на активноста поврзана со распишување на конкурс за графички дизајн на кориците ни овозможи прераспределба на средства по други ставки. |
| **Вкупни трошоци (I+II+III)** | 809,365 | 809,365 | |

**8. Документација**
**(Наведете листа на документи што се доставуваат во прилог на Завршниот извештај)**
**-Авторски и договори на дело**
**-Фактури**
**-Копии од фискални сметки и сметкопотврди**
**-Изводи од банка**
**-Фолиа**

Согласно член 10 став 3 од Договорот за обезбедување на финансиска поддршка, во прилог на Завршниот извештај задолжително се доставува: копии од листи на учесници, фотографии од настани, примероци од подготвени извештаи, публикации и други релевантни документи, како и детална документација за сите трошоци (за неготовински плаќања: копии од сметките кои го покажуваат корисникот и поврзаните изводи од банка; за готовински плаќања: копии од сметките кои го покажуваат корисникот, копии од фискални сметки и сметкопотврда; друга документација: патни налози со релевантните прилози, документи врз основа на кои се извршени плаќањата - договори, спогодби, извештаи за плата и други релевантни документи).

Скопје, 28.01. 2021 год. Христијан Поп-Симонов, претседател

(Место) (датум) име, презиме и функција на овластеното лице за застапување на здружението/фондацијата

М.П. (Потпис)

| | ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ | | |
|---|---|---|---|
| **Име на здружението** | **Здружение за афирмација на уметност ФЛ Скопје** | | |
| **Наслов на проектот** | **Самоглас - мобилна апликација** | | |
| **Доделена финансиска поддршка** | 809,365 | | |
| **Кофинансирање (ако е предвидено)** | / | | |
| **Вкупен буџет на проектот** | 809,365 | | |
| во денари | Одобрено | Реализирано | |
| **Буџетска линија** | **Вкупно** | **Реализирано** | **Остаток** |
| **I ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ** | | | |
| Плати и надоместоци | | | |
| Проектен менаџер - Раководење со целиот проект | 66.600 | 66.666 | -66 |
| Софтвер инженер - Изработка и одржување на платформа | 304.201 | 307.503 | -3.302 |
| Комисија за избор на 4 книжевни дела | 29.970 | 30.000 | -30 |
| Актери - позајмување на глас + снимање | 218.341 | 222.220 | -3.879 |
| Монтажер - обработка на аудиото | 70.330 | 71.111 | -781 |
| Графички дизајнер - Фронт енд дизајн , визуелен идентитет на промотивна кампања | 74.468 | 77.777 | -3.309 |
| Фотограф | in kind | / | / |
| **Вкупно за I** | **763.910** | **775.277** | **-11.367** |
| **II ОПЕРАТИВНИ ТРОШОЦИ** | | | |
| Платена промоција на социјални медиуми | 21.000 | 3.878 | 17.122 |
| Принтање на промотивни материјали | | 9.291 | |
| Принт на документи | | 162 | |
| **Вкупно за II** | **21.000** | **13.331** | **7.669** |
| **III ДИРЕКТНИ ТРОШОЦИ** | | | |
| Активност 1.1. Поставување на апликацијата на App Store | 10.940 | 5.149 | 5.791 |
| Активност 1.1. Поставување на апликацијата на Play Store | 1.915 | 1.300 | 615 |
| Активност 4.4. Набавка на CIP броеви од НУБ | 9.000 | 9.000 | 0 |
| Активност 5.1. Реквизити за фотосесијата | 2.600 | 5.308 | -2.708 |
| **Вкупно за III** | **24.455** | **20.757** | **3.698** |
| **ВКУПНО I + II + III** | **809.365** | **809.365** | **0** |

Во табелата треба да се наведат реализираните трошоци за времетраење на проектот. Наведените трошоци т бидат конзистентни со оригиналните фактури и/или останати финансиски документи врз основа на кои е нап трошокот. Корисникот треба да ги чува оригиналните финансиски документи, како што е наведено во Догов обезбедување на финансиска поддршка. За потребите на известување или ревизија, Генералниот секретарија побара на увид целокупната придружна документација.